Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

LANDSCAPE FIRE MANAGEMENT
IN THE WESTERN BALKANS

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ ЗА

# „ПОДГОТОВКА НА ЗАВРШЕН НАСТАН ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОЖАРИ НА НИВО НА ПРЕДЕЛ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН“

# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Скопје, јули 2026 год.

## I Инструкции за понудувачите

### 1. Предмет на договорот за јавна набавка

Предмет на договорот за обезбедување на услуги е **„Подготовка на завршен настан во рамки на Програмата за управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан“.**

Детален опис на предметот на набавката е даден во делот II Техничка спецификација - проектна задача, на оваа документација.

Предмет на Договорот е неделив. Понудувачот во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови, во спротивно ќе се смета за неприфатлива.

### 2. Договорен орган

Договорен орган е Програмата за управувањето со пожари на ниво на предел во Западен Балкан, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation – SDC), координирана од „Фармахем”, со седиште на адреса ул. Кичевска бр. 1, 1060 Скопје.

### 3. Применливи прописи

Оваа постапка се спроведува согласно Методологија за спроведување постапки за доделување договори на Програмата за управувањето со пожари на ниво на предел во Западен Балкан одобрена од Швајцарската агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation – SDC).

### 4. Право на учество

Право да достави понуда има секое заинтересирано правно лице од Република Северна Македонија, регистрирано за услуги поврзани со темата на постапките за доделување договори.

Во случај на група на понудувачи, групата треба да назначи претставник од Северна Македонија што ќе има овластување да ги извршува сите деловни активности за и во име на која било страна и на сите страни од групата на понудувачи во текот на постапката за доделување на договор и во текот на извршувањето на договорот, во случај истата да биде избрана. Исто така, претставникот на групата со својата понуда треба да достави и писмено овластување потпишано од сите членови на групата на понудувачи со кое тие го овластуваат претставникот да поднесе понуда и да ги презема сите права и обврски во нивно име и за нивна сметка. Сите членови на групата на понудувачи се поединечно и солидарно одговорни пред договорниот орган за извршување на своите обврски. Договорниот орган ќе комуницира со претставникот на групата на понудувачи.

Понудувачите (или стручно лице/стручни лица/подизведувачи од тимот на понудувачот) што имаат една или повеќе негативни препораки, како и групите понудувачи (или стручно лице / стручни лица од тимот на понудувачот) со негативна препорака, немаат право на учество или ќе

бидат изземени од процесот. Негативните препораки може да се дадат или од страна на донаторот или од соодветните институции во државите од интерес.

Понудувачот во рамките на истата постапка за доделување на договор може да учествува само со една понуда. Сите понуди каде еден понудувач се јавува во повеќе од една самостојна и/или групна понуда ќе бидат отфрлени.

Лица што учествувале во изготвување на документацијата за постапката за доделување договор не може да учествуваат како понудувачи или членови на заедничка група во постапката за доделување договор.

## 5. Трошоци за поднесување на понуда

Понудувачот е одговорен за сите трошоци поврзани со подготовката и поднесувањето на понудата. Договорниот орган што го доделува договорот нема одговорност за овие трошоци без оглед на исходот од постапката за доделување на договорот.

## 6. Разлики во цена (корекција на цени)

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за цело времетраење на договорот за набавка.

## 7. Јазик во понудата

Понудата, како и целосната кореспонденција и документација во врска со понудата се доставуваат на македонски јазик.

## 8. Спречување на судир на интереси

Понудувачот не смее, при извршување на договорот, да ангажира лица кои биле вклучени во евалуација на понудите поднесени во постапката за доделување договор, како и во текот на спроведувањето на договорот. Во таков случај, договорниот орган што го доделил договорот има полно право истиот да го раскине.

## 9. Појаснување, изменување и дополнување на проектната задача

9.1. Секое барање, информација и објаснување за проектната задача и други документи во процесот може, преку електронска пошта, да се испрати на следниов контакт – jasminka.andonovska@lfmwb.net. Тимот на Програмата ќе одговори во рок од 5 дена од приемот на пораката. Прашања може да се поставуваат најдоцна 6 дена пред истекот на рокот за доставување на понудите.

9.2. Програмата за управувањето со пожари на ниво на предел во Западен Балкан, како договорен орган, го задржува правото најдоцна 5 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни проектната задача која ќе ја објави на ист начин како и претходната проектна задача –јавен повик.

## 10. Квалификации на понудувачите

*I Формални барања*

- Почитување на рокот за поднесување на понуди – понудите мора да се достават во наведениот рок;
- Почитување на формата – понудите мора да се достават на образецот кој е даден во Прилог 1 на оваа Тендерска документација.

***II Определување на соодветноста*** – Следните критериуми за соодветност мора да бидат исполнети, во спротивно, понудата нема да се разгледува:

- Лична состојба;
- Способност за вршење на професионална дејност;
- Техничка или професионална способност.

## 11. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачот доставува **Изјава за докажување на способност** (дадена во прилог) на свој меморандум или ги доставува документите дадени подолу.

### 11.1. Докажување на лична состојба

За докажување на својата лична состојба, понудувачот ги доставува следниве документи:

- изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност;
  потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена привремена забрана за вршење одделна дејност.

Документите од точка 11.1 не смеат да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија потврдена од понудувачот.

## 11.2. Докажување на способност за вршење на професионална дејност

За да ја докаже способноста за вршење на професионална дејност, понудувачот треба да достави документ за регистрирана дејност / Потврда за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран, во оригинал или копија заверена од понудувачот со печат и со потпис на одговорното лице со назнака „Верно на оригиналот".

## 11.3. Докажување на техничка или професионална способност

Економскиот оператор го докажува исполнувањето на техничката или професионална способност со задолжително доставување на следнава документација:

- профил на економскиот оператор со минимум 5 години искуство во реализација активности поврзани со организација на настани и/или слични актовности;
- референтна листа на спроведени слични активности;
- Портфолио на економскиот оператор од реалзаиција на исти или слични активности;
- образовни и професионални квалификации на сите членови од понудениот тим на експерти (CV). Во биографиите на предложените членови на тимот треба јасно да се изнесе релевантноста и подрачјата кои секој од нив ќе ги покрие, како и нивните квалификации за проектната задача.

### 11.3.1 Образовни и/или професионални квалификации на понудениот тим на експерти потребни за извршување на предметот на набавката

Правното лице потребо е  да има ги ангажирано следните експерти за извршување на предметот на набавката:

1. Главен координатор - Високо образование (додипломски студии не покуси од четири години) од областа на комуникации, односи со јавност, менаџмент, општествени науки или друга соодветна област, со најмалку **5 години професионално искуство** во координација и управување со проекти, организација на настани и координација на тимови. Да има искуство во координација на продукции, комуникација со нарачатели и управување со процеси поврзани со подготовка на аудиовизуелни содржини во минимум 3 исти или слични проекти.
2. Асистент - Високо образование (додипломски студии не покуси од четири години) од областа на комуникации, менаџмент, организациски науки, општествени науки или друга соодветна област, со најмалку **3 години професионално искуство** во организација и координација на активности, логистичка поддршка, комуникација со засегнати страни и следење на реализација на проектни задачи. Да има искуство во организација на снимања, продукциски активности или јавни настани (најмалку 2 исти или слични настани).

**11.3.2 Документи за докажување на образовни и/или професионални квалификации на експертите:**

Учество на сите експерти во проекти исти и/или слични на предметот на набавка ќе се утврди од доставеното CV и портфолио од спроведените активности.

Како докази за образовните и професионалните квалификации на членовите на тимот да се достават дипломи, сертификати, потврди, лиценци или било кој друг доказ издаден од правни лица со кои се потврдува успешното стекнување на квалификациите.

Релевантното искуство на експертот во областа се докажува со листа на референци соодветна на барањата на овој повик како и контакт од нарачатели каде истите биле ангажирани/вработени, а кои можат да ја потврдат референцата.

**Напомена**: Листата на референци од соодветните области на предложените клучни експерти ќе се бодуваат како елемент „квалитет" од критериумот за избор на најповолна понуда.

*Доколку не се исполнат минималните услови, понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива и нема да се разгледува во понатамошната постапка на евалуација на понудите*.

Комисијата има право, доколку е потребно, да ги контактира лицата наведени во CV-то, заради потврда за учеството на експертот во конкретен проект.

**11.3.3 Достапност на лицата одговорни за извршување на задачите предмет на договорот**

Клучните експерти треба да бидат постојано вработени кај понудувачот, и да приложат Изјава за вклученост во тимот, потпишана и заверена од понудувачот.

**11.3.4** Ако понудувачите поднесат **понуда како група на понудувачи**, техничката и професионалната способност се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата заедно и задолжително се доставува договор за групна понуда со распределба на активностите од проектната задача, за секоја договорна страна посебно.

## <u>12. Содржина на понудата</u>

### 12.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во проектната задача. Понудата мора да ги содржи сите елементи кои се предвидени во образецот на понуда во Прилог 1 на оваа тендерска документација. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок.

### 12.2. Елементи на понудата

Понудата треба да биде подготвена врз основа на оригиналната проектна задача и се состои од следниве елементи:

- Изјава со потпис и печат дека понудувачот ги разбира и прифаќа сите барања во објавениот повик;
- Образец на понудата (Прилог 1)
- Техничка понуда со вклучени концепт и методологија за завршниот настан

- Финансиска понуда (Прилог 2 ) - Финансиската понуда мора да се пополни без никакви измени на нејзината форма. Во спротивно понудата може да биде отфрлена како неприфатлива;
- Изјава за докажување на способноста (Прилог 3) или документи за докажување на лична состојба
- Документи за докажување на професионална дејност,
- Документи за докажување на техничка или професионална способност;
- Изјава за ангажиран експертски тим (Прилог 4);
- Писмено овластување за претставникот на групата економски оператори (само за група на економски оператори).

Понудувачот задолжително треба да ги користи обрасците дадени во оваа тендерска документација при што тие мора да се пополнети без никакви измени на нивната форма. Во спротивно понудата може да биде отфрлена како неприфатлива.

### 12.4. Цена во понудата

- Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти што се јавуваат кај понудувачот (вклучувајќи и можни увозни царински давачки) и таа мора да биде изразена без ДДВ, што се пресметува одделно;
- Цената мора да биде напишана и со цифри и со букви;
- Во случај на несовпаѓање на цената напишана со бројки и онаа со букви ќе се земе предвид цената напишана со букви;
- Во случај на аритметички грешки, членовите на Комисијата за евалуација ќе решат која цена ќе се земе во предвид;
- Во случај цената да е повисока од предвидената, но понудувачот да ги исполнува сите други критериуми за евалуација, Комисијата за евалуација може да одлучи да ја поништи постапката или да преговара со понудувачот да ја намали цената на понудата;
- Во случај да двајца од понудувачите имаат иста понудена цена Комисијата за евалуација ќе ја земе предвид понудата која е доставена прва согласно приемот во архивата, датум и час.

### 12.5. Валута на понудата

Цената во понудата се изразува во македонски денари (МКД).

### 12.6. Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 30 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

### 12.7. Поднесување на понудата

Понудувачот подготвува и доставува:

- **еден оригинален примерок во писмена форма и еден електронски примерок од понудата потпишан од одговорното лице на понудувачот или овластено лице од страна на понудувачот спакувани во еден коверт,** доставен на следнава адреса:

  **Ул. Кичевска бр. 1, 1060 Скопје,**
  **со назнака "За-Јавен повик (Реф. Бр 03/08/675)"**

**или**

- **еден електронски примерок потпишан со електронски потпис,**

  Доставен по електрнонска пошта на следнава адреса: **jasminka.andonovska@lfmwb.net со назнака "За-Јавен повик (Реф. Бр. 03/08/675)".**

12.7.1 **Краен рок за доставување на понудите**

Краен рок за доставување на понудите е **20.08.2026 година, до 15.00** часот.

Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, се отфрла како задоцнета и истата ќе му биде вратена на понудувачот неотворена.

### 12.8 Принцип на една понуда

Едно правно може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поединечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно лице се отфрлаат.

## 13. Отворање и евалуација на понудите

### 13.1. Отворање на понудите

13.1.1 Отворањето на понудите нема да биде јавно. Нив ги отвора Комисија за евалуација.

13.1.2 Во текот на отворањето на понудите се води записник.

### 13.2. Евалуација на понудите

13.2.1 **Модел за оцена на понудувачите и понудите**

Комисијата за евалуација ги оценува понудувачите и понудите врз основа на следниов модел:

| *ФОРМАЛНИ БАРАЊА (ЕЛИМИНАЦИОНИ)* | |
|---|---|
| Понуда поднесена во бараниот рок | Да/Не |
| Комплетна понуда | Да/Не |

| *КРИТЕРИУМИ ЗА СООДВЕТНОСТ (ЕЛИМИНАЦИОНИ)* | доставени | валидни |
|---|---|---|
| Докази за утврдување на лична состојба (се оценува способноста за сите барања и услови, посебно) | Да/Не | Да/Не |

| | | |
|---|---|---|
| Докази за утврдување на способност за вршење професионална дејност | Да/Не | Да/Не |
| Докази за утврдување на техничката или професионалната способност (се оценува способноста за сите барања и услови, и за економскиот оператор и за сите експерти посебно) | Да/Не | Да/Не |

| КРИТЕРИУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР<br>**Економски најповолна понуда** | **100 бодови** |
|---|---|
| **Елемент 1 - Квалитет** | **70 бодови** |
| **Елемент 2 – Цена** | **30 бодови** |

*Понудувачот мора во целост да се придржува кон формалните барања и критериумите за соодветност, во спротивно понудата нема да се разгледува.*

**1 ) Карактеристики на квалитет (Техничка понуда)**

Бодовите за техничката понуда (квалитет) се оценуваат врз основа:

- пот-елемент 2 - искуство на понудувачот, во реализација на исти или слични проекти, врз основа на референтната листа (20 бода)
- пот-елемент 1 - стручност и искуство на понудените експерти, врз основа на доставената листа на референци и CVa (20 бода)
- пот-елемент 3 – Методологија со предлог концепт за настанот (30 бода)

**2 ) Финансиска понуда**

Цената на понудата ќе се пресметува како вкупна цена без данок на додадена вредност, при што најмногу бодови (максималниот утврден) ќе добие понудата која има најниска понудена цена. Бодовите за елементот цена кај другите понуди ќе се доделат според следнава формула:

$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Најниска понудена цена (без ДДВ)} \ * \ \text{Максимален број бодови}}{\text{Понудена цена (без ДДВ)}}$$

13.2.2 Договорот ќе му биде доделен на понудувачот со економски најповолна понуда, односно понудувачот што добил најмногу бодови од сите поделементи од елементот економски најповолна понуда.

13.2.3 Ако е пристигната само една понуда, тогаш таа мора да ги исполнува минималните бодови за елементот од критериумот економски најповолна понуда за да биде избрана за склучување на договор;

13.2.4 Доколку во текот на постапката за доделување договор, најповолната прифатлива понуда согласно условите на постапката е со цена повисока од износот на планираните средства, договорниот орган ќе преговара со понудувачот или ќе ја поништи постапката;

13.2.5 Договорниот орган го задржува правото, да ги покани оние понудувачи кои ќе влезат во потесен избор да направат презентација на концептот и методологијата.

13.2.6 Избраниот понудувач ќе биде запознаен со конечната одлука по писмен пат, во рок од 5 дена од донесувањето на одлуката;

13.2.7 Понудувачите што не биле одбрани ќе бидат запознаени по писмен пат, по потпишување на договорот со избраниот понудувач;

13.2.8 Понудувачите што не биле одбрани немаат право на жалба;

13.2.9 Информацијата за избраниот понудувач ќе биде објавена на интернет страницата на Координаторот на Програмата за управувањето со пожари на ниво на предел во Западен Балкан.

### 13.3. Доверливост на процесот на евалуација на понудите

Ниту една информација во врска со разгледувањето, оценката и споредбата на понудите во процесот на евалуација нема да им се откријат на понудувачите или на кои било други лица што не се службено вклучени во процесот.

### 13.4. Појаснување на понудите

13.4.1 Поднесување дополнителни документи по истекувањето на рокот не се прифаќа.

13.4.2 Доколку има потреба, Комисијата за евалуација може да побара појаснувања за понудата. Барањето мора да се испрати по електронска пошта, а одговорот на понудувачот мора да биде одговор директно до испраќачот.

## 14. Доделување и склучување на договорот

**14.1.** Нацрт-одлуката за избор на најповолен понудувач ја донесува Комисијата за евалуација заедно со извештајот за евалуацијата, која се испраќа до Тим лидерот на Програмата за управувањето со пожари на ниво на предел во Западен Балкан на одобрување. Доколку Тим лидерот на Програмата за управувањето со пожари на ниво на предел во Западен Балкан не се согласува со донесената одлука од страна на Комисијата за евалуација, комисијата ќе мора повторно да ги разгледа и оценува пристигнатите предлози и да излезе со друг најповолен понудувач. Конечната одлука за избор на најповолен понудувач, по одобрување на Тим лидерот на Програмата за управувањето со пожари на ниво на предел во Западен Балкан, ја донесува Договорниот орган.

**14.2.** Договорниот орган, по донесување на конечната одлука за избор на најповолен понудувач, договорот му го доделува на понудувачот чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда.

14.3. Договорниот орган ќе го достави договорот до избраниот најповолен понудувач во 2 (два) примероци на потпишување.

14.4. Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот во рок од 7 (седум) календарски дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на договорниот орган. Договорниот орган презема обврска на избраниот најповолен понудувач да му го испрати потребниот број на примероци од договорот откако истиот ќе го потпише овластеното лице.

## 15. Рок за извршување на услугата / за завршување на работите

Рокот на испорака ќе стои согласно условите пропишани во проектната задача.

## 16. Начин на плаќање

Исплата на финансиските средства за потребите на оваа програмска активност од Фармахем - Програмата за управувањето со пожари на ниво на предел во Западен Балкан кон правниот субјект ќе се врши согласно условите пропишани во проектната задача.

Фармахем на економскиот оператор ќе ги исплаќа фактурираните вредности без ДДВ најдоцна во рок од 10 (десет) дена, сметано од денот на приемот на фактурата.

Проектот во рамките на кој се реализира оваа јавна набавка е финансиран од Швајцарската конфедерација и е регистриран во Централната база на податоци на базата на Република Северна Македонија за странска помош (CDAD). Во Договорот помеѓу Владата на РМ и Владата на Швајцарската конфедерација стои клаузулата дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во РМ, па според тоа проектот е ослободен од ДДВ и вредноста на договорот за јавна набавка, на носителот на набавката ќе му биде исплатена без вклучен ДДВ.

## 17. Поништување на постапката за доделување на договор

Постапката на доделување на договор може да се поништи во случај кога:

- Не е пристигната ниедна понуда;
- Ниедна понуда не ги исполнува условите за евалуација;
- Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот во рокот утврден во точка 14.4 од тендерската документација, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

**LANDSCAPE FIRE MANAGEMENT**
IN THE WESTERN BALKANS

II Техничка спецификација- проектна задача

# ПРОЕКТНА ЗАДАЧА

# „ПОДГОТОВКА НА ЗАВРШЕН НАСТАН ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОЖАРИ НА НИВО НА ПРЕДЕЛ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН“

Скопје, јули, 2026 година

## 1. За Програмата за управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан

Екстремните временски непогоди како последица на климатските промени создаваат услови за разорни пожари. Промената на користењето на земјиштето и миграцијата од руралните средини дополнително ја зголемуваат ранливоста на екосистемите од пожари во Западен Балкан, вклучувајќи ги Северна Македонија, Србија, Црна Гора, Албанија, Косово и Босна и Херцеговина. Според тоа, Западен Балкан претставува еден од најпогодените региони од пожари во Европа.

За да се ублажат негативните влијанија од пожарите на ниво на предел во Западен Балкан, неопходно е да се има инклузивна, прекугранична соработка и размена на знаења за зајакнување на капацитетите за управување со пожарите во регионот. Сите овие аспекти се инкорпорирани во Програмата за Управувањето со пожари на ниво на предел во Западен Балкан. Програмата е финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (Swiss Agency for Development and Cooperation - SDC) и координирана од Фармахем од Скопје, Северна Македонија со советодавна поддршка од Helvetas Swiss Intercooperation од Швајцарија. Партнери на Програмата се Глобалениот Центар за следење на пожари (GFMC) - Германија, Бернскиот Унииверзитет за применети науки (HAFL) - Швајцарија, Регионалениот центар за следење на шумски пожари - Северна Македонија, Министерството за туризам и животна средина – Албанија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во Република Српска и Федералното министерство за земјоделство, водостопанство и шумарство на БиХ Федерација, БиХ, Министерството за земјоделство, шумарство и рурален развој - Косово*, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Северна Македонија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Србија, Министерство за земјоделство и рурален развој - Црна Гора. Општата цел на Програмата е да ја зголеми отпорноста на шумите и пределите од пожари во Западен Балкан, што ќе им користи на луѓето чија егзистенција и социо-економскиот развој зависат од овие предели.

## 2. За проектната задача

Една од компонентите на Програмата за управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан се однесува на подигнување на јавната свест за значењето на управувањето со пожари на ниво на предел како и заканите кои проилзегуваат од климатските промени и нивното влијание врз појавата и зачестеноста на пожарите на ниво на предел.

Целта на оваа проектна задача е ангажирање на надворешен оператор за подготовка, продукција и реализација на настан во рамките на Програмата „Управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан". Настанот е планиран како финална активност од четиригодишната прва фаза на Програмата и има за цел да ги презентира постигнатите резултати, влијанието на програмата, воспоставената регионална соработка, научените лекции и перспективите за работа кои ќе бидат имплементирани во втората фаза од Програмата (2027-2029).

Настанот треба да биде осмислен како интерактивно искуство за сите присутни, кое преку современа мултимедијална продукција, внимателно режирана сценска динамика и впечатливи визуелни ефекти ќе ја раскаже приказната за четиригодишното партнерство. Посебен акцент треба да се стави на луѓето кои работеа на терен, институциите кои воспоставија нови механизми за соработка и конкретните резултати кои придонесоа кон подобро управување со пожарите на ниво на предел во Западен Балкан.

Преку комбинација од интерактивно модерирање, кратки видео приказни, изјави од клучни чинители, визуелни презентации и тематски сценски сегменти, учесниците треба да имаат можност да ја проследат еволуцијата на Програмата: од почетните предизвици, преку заедничката работа и институционалното поврзување, до конкретните постигнувања и препораките за идни активности.

Настанот треба да биде организиран како динамична сценска приказна, а не како класична низа на говори. Содржината треба да биде поделена во тематски целини поврзани преку мултимедијални сегменти, при што модераторот ќе има централна улога во водењето на програмата, поврзувањето на говорниците, воведувањето на видео приказните и обезбедувањето непречен тек на настанот. Предвиден рок за организација на настанот е втората седмица од декември 2026 година.

Програмата на настанот треба да обезбеди јасна и динамична интеракција помеѓу модераторот, говорниците, видео содржините и публиката, со цел да се задржи вниманието на присутните и да се овозможи јасно, професионално и впечатливо пренесување на резултатите и значењето на Програмата.

Во реализација на задачата треба да бидат земени предвид постоечките материјали кои се подгтовени во рамки на Програмата, како и комуникациските алатки кои веќе се користат за промоција и подигнување на јавната свест.

## 3. Обем на задачата

### ДЕЛ 1: Подготовка, Организација и реализација на настанот

Ангажираниот економски оператор - давател на услуги за спроведување на предвидените активности од проектната задача ќе биде одговорен за целосната подготовка, осмислување на содржина, организација и техничка реализација на настанот, во координација со Проектниот тим. Предвидено времетраење на формалниот дел на настанот е 1 час.

### 1.1 Подготовка и координација

Активностите вклучуваат:

- Изработка на детален оперативен план за реализација на настанот;
- Подготовка на временска агенда и тек на настанот;

- Координација со говорници, учесници и претставници на програмата
- Подготовка на целосно сценарио за настанот;
- Ангажирање на професионален модератор/водител;
- Подготовка на содржина на настанот, сценарио за модерирање, најави, интервјуа и премини помеѓу програмските делови.

### 1.2 Мултимедијална презентација на програмата

Во рамките на настанот треба да се обезбеди професионално мултимедијално претставување на програмата и нејзините резултати преку користење на повеќе мултимедијални алатки. Носечка улога има видео приказната со нарација за доловување на целите, резултатите и успесите на програмата.

Програмата на настанот треба да биде динамична и во интеракција помеѓу водителот/модераторот, говорниците и видео приказната.

Дополнително, достигнувањата во клучните компоненти да бидат прикажани на дисплеи или слични мултимедијални елементи.

Мултимедијалната продукција треба да вклучува:

- Концепт и подготовка на визуелна презентација;
- Креирање на видео приказна со нарација, со користење на архивски видео материјали од активностите, процесите и резултатите од програмата;
- Креирање на дополнителни содржини пр. ГИС мапа од регионот, анимации, графички прикази и инфографици
- Техничка подготовка за репродукција на видео и аудио материјали;
- Обезбедување на професионална аудио-визуелна опрема за реализација на содржините.

### 1.3 Техничка реализација на настанот

Понудувачот треба да обезбеди:

- Соодветен концепт за просторот и сценографија (настанот е предвидено да се организира во затворен простор, со превиден број на учесници 100-150. Нарачателот е обврзан да го обезбеди просторот за одржување на настанот, сместување на учесниците и закуска).
- Озвучување и техничка поддршка / соодветно за просторот и намената да се предвиди озвучување и опрема за превод на 3 јазици (македонски, албански, српски) со мин. 50 ресивери
- Видео проекција и мултимедијални содржини / централен екран со поголеми димезнии и дополнителни содржини  согласно предложениот конецепт и методологија од страна  на понудувачот

- Начин на поставување на 21 фотографија, отпечатени на Forex плочи со димензии 50 x 70 cm.
- Осветлување и поставување техника согласно потребите на просторот;
- Технички персонал за време на целиот настан;
- Координација на сцената и текот на програмата.

## ДЕЛ 2: Подготовка на медиумски содржинини

Избраниот понудувач ќе биде одговорен за планирање и реализација на комуникациските активности пред и по одржување на настанот со цел навремено информирање на јавноста и на сите засегнати страни. Избраниот понудувач треба да обезбеди поддршка на промоција на настанот и комуникација со медиумите со цел навремено информирање и привлекување на целните групи.

Активностите вклучуваат:

- Креирање на промотивни дигитални материјали (дигитални банери, објави за социјални мрежи, визуелни елементи) согласно визуелниот идентитет на програмата;
- Подготовка, дизајн и содржина на покани и агенда за учесници;
- Медиумска најава и поддршка за видливост на настанот
- Подготовка на медиумски соопштенија и координација со медиуми;
- Подготовка на прес клипинг од настанот/ во резултати.

## ДЕЛ 3: Видео продукција од настанот

Избраниот понудувач треба да обезбеди целосна фото и видео продукција и постпродукција на настанот.

Активностите вклучуваат:

- Професионално видео снимање на целиот настан, вклучително  говори, презентации и клучни моменти;
- Снимање кратки изјави со релевантни учесници и претставници пред и по завршувањето на формалниот дел и додавање титлови/превод доколку е потребно (за рилсови);
- Снимање интервјуа со релевантни учесници и претставници;
- Обезбедување квалитетен аудио запис;
- Фотографирање на настанот и обезбедување квалитетни фотографии
- Монтажа на видео материјалот;
- Изработка на финално промотивно видео со нарација, во должина од максимум 2 минути и 2 рилсови од 1мин;
- Вклучување графички елементи, логоа и визуелен идентитет;

- Додавање титлови/превод;
- Корекција на звук и слика;
- Монтажа на видео материјалот и подготовка на финална верзија погодна за онлајн комуникација и понатамошна промоција.

## 4. Потребни квалификации за спроведување на задачата

Секое заинтересирано правно лице регистрирано за услуги поврзани со темата на постапките за доделување договори има право на учество во постапките за доделување договори. Економскиот оператор треба да има искуство во реалзаиција на слични активности и во својата понуда да предвиди соодветно квалификуван кадар потребен за исполнување на целиот обем на работа. Економскиот оператор може да учество самостојно, во група или да вклучи подизведувачи.

Економскиот оператор го докажува исполнувањето на техничката и професионална способност со доставување на следнава документација:

- профил на економскиот оператор; референтна листа на исти и/или слични спроведени проекти во изминатите 5 години и портфолио од реалзираните проекти;

- образовни и професионални квалификации на сите членови од понудениот тим на експерти (CV). Во биографиите треба јасно да се изнесе релевантноста и подрачјата кои секој од нив ќе ги покрие, како и нивните квалификации и портфолио од реализираните активности.

Образовни и/или професионални квалификации на понудениот тим на експерти потребни за извршување на предметот на набавката:

1. Главен координатор - Високо образование (додипломски студии не покуси од четири години) од областа на комуникации, односи со јавност, менаџмент, општествени науки или друга соодветна област, со најмалку **5 години професионално искуство** во координација и управување со проекти, организација на настани и координација на тимови. Да има искуство во координација на продукции, комуникација со нарачатели и управување со процеси поврзани со подготовка на аудиовизуелни содржини во минимум 3 исти или слични проекти.
2. Асистент - Високо образование (додипломски студии не покуси од четири години) од областа на комуникации, менаџмент, организациски науки, општествени науки или друга соодветна област, со најмалку **3 години професионално искуство** во организација и координација на активности, логистичка поддршка, комуникација со засегнати страни и следење на реализација на проектни задачи. Да има искуство во организација на снимања, продукциски активности или јавни настани (најмалку 2 исти или слични настани).

**Дополнително, во техничкиот предлог/ методологија за спроведување на проектната задача економскиот оператор треба да обезбеди лица со соодветна екпертиза за спроведување на настанот, со листа на предвидени позиции и лица, како и експертиза која ја имаат.**

5. Резултати

Главни продукти кои треба да произлезат од оваа програмска задача се:

-**Подготвен и реализиран настан** (согласно одобрениот концепт, сценарио и оперативен план, со обезбедена целосна организациска, техничка и логистичка поддршка).

- **Концепт и сценарио за настанот**, (вклучувајќи агенда, сценарио за модераторот, текот на програмата и координација на сите програмски сегменти).

- **Мултимедијална презентација на програмата**, (видео приказна за програмата, визуелни презентации, анимации, инфографици и други мултимедијални содржини).

- **Обезбедена професионална аудио-визуелна и техничка продукција на настанот**, (озвучување, видео проекција согласно преложените мултимедијални содржини, осветлување, техничка опрема, техничка поддршка, превод).

- **Поддршка за медиумска промоција на настанот** (визуелен идентитет на настанот, покани, агенда и промотивни материјали, дигитални содржини за веб и социјални медиуми, медиумски соопштенија, медиумска видливост).

- **Комплетна фото и видео документација од настанот**, (професионални фотографии, интервјуа и изјави со учесници, кратки видеа за дигитална промоција (reels/shorts), финално промотивно видео со графика, титлови и постпродукција) 1 видео во треење од 2мин. Минимум 2 рилсови од 1мин.

- **Финален пакет на материјали**, подготвен за понатамошна промоција и архивирање (финални фотографии, видеа).

## 6. Период на реализација

Предвидените активности дефинирани во Проектната задача треба да се реализираат до декември 2026 година, и тоа:

- Концептот и сценарио за настанот треба да се утврди најдоцна до 1 октомври 2026.
- Финална верзија на сите материјали (видео, мултимедиа, анимации, инфографици, интерактивна мапа и сл) да биде готова до 30 ноември 2026.
- Финалниот настан да биде реализиран во втората недела од декември 2026 година.
- Финален пакет на материјали (комплетна фото и видео докуметација од настанот, прес клипинг и завршен извештај) да се достави најдоцна 7 дена од одржувањето на настанот.

## 7. Начин на плаќање

Со избраниот правен субјект ќе се потпише договор за услуги за спроведување на предвидените активности. Исплатата ќе биде во 3 транши и тоа:

- Прва исплата во износ од 30% од вкупниот износ на договорот, по доставување и одобрување на концепт за настанот од страна на Проектниот тим;
- Втора исплата во износ од 40% од вкупниот износ на договорот, по одобрување на видео и мултимедијални материјали;
- Трета (финална) исплата во износ од 30% од вкупниот износ на договорот по спроведување на сите предвидени активности  и одобрување на финалниот извештај.

## 8. Трансферзални теми

Да се применат трансферзални теми во имплементацијата на активностите: полова еднаквост (реализацијата на активностите да тежнее кон полова еднаквост и интегрирање на обата пола), принципи на добро управување (транспарентност, недискриминација, ефективност, ефикасност, партиципативност, следење на законска регулатива) како и вклучување на социјално исклучени категории.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

LANDSCAPE FIRE MANAGEMENT IN THE WESTERN BALKANS

Прилог 1 - ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

Врз основа на Јавен повик број 03/08/675 од страна на Програма за управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан, за доделување на договор за јавна набавка: **„Подготовка на завршен настан во рамки на Програмата за управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан“** со спроведување на тендерска постапка, согласно Методологијата за спроведување постапки за доделување договори одобрена од Швајцарската агенција за развој и соработка, која е изработена за потребите на проектот Програма за управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел 1 – Информации за понудувачот**

1.1. Име на понудувачот: ____________________________________________

1.2. Контакт информации

- Адреса: ____________________________________________
- Телефон: ____________________________________________
- Факс: ____________________________________________
- Е-пошта: ____________________________________________
- Лице за контакт:____________________________________________

1.3. Одговорно лице:
____________________________________________

1.4. Даночен број: ____________________________________________

1.5. ЕМБС: ____________________________________________

1.6. Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со Техничката и Финансиската понуда.

1.7. Нашата понудата е составена од следниве делови:

- пополнет образец на Понуда,
- документи за докажување на личната состојба,
- документ за докажување на способноста за вршење на професионална дејност,
- докази за исполнување на техничката или професионалната способност,
- техничка понуда,
- финансиска понуда,
- изјава за ангажиран експертски тим,
- писмено овластување за претставникот на група на економски оператори (доколку станува збор за индивидуален понудувач, оваа алинеја да се избрише).

1.8. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во поканата и документацијата и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка, согласно Методологија за спроведување постапки за доделување договори одобрена од Швајцарската агенција за развој и соработка, која е изработена за потребите на проектот Програма за управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан.

| Место и датум | Одговорно/Овластено лице |
|---|---|
| ________________________________ | ________________________________ |
| | (потпис и печат) |

## Дел 2 - Техничка понуда

2.1. Согласни сме да ги понудиме следниве услуги: **„Подготовка на завршен настан во рамки на Програмата за управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан“**, во согласност со проектната задача, прилог на тендерската документација и самата тендерска документација.

2.2. Се согласуваме со рокот за извршување на услугата утврден во тендерската документација.

2.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација.

2.4. Согласни сме со начинот на извршување на услугата, обемот и јазикот на изработка на потребните материјали, како и начинот за доставување утврдени во тендерската документација.

2.5. Согласно барањата во тендерската документација ја доставуваме документацијата со која располагаме, а која е потребна за евалуација на техничката понуда (квалитет) за трите пот-критериуми.

2.7. Нашата техничка понуда е обврзувачка за нас.

2.8. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и техничките спецификации-проектна задача.

2.9. Со ова ја поднесуваме нашата Техничка понуда, изготвена врз основа на тендерската документација.

**Во прилог доставуваме концепт за настанот и Методологија за спроведување на проектната задача.**

| Место и датум | Одговорно/Овластено лице |
| --- | --- |
| __________________________ | __________________________ |
| | (потпис и печат) |

## Дел 3 - ФИНАНСИСКА ПОНУДА

| Опис на предметот | Количина | Единечна цена (без ДДВ) | Вкупна цена (без ДДВ) |
|---|---|---|---|
| Подготовка на завршен настан | 1 | | |
| Вкупно | | | |

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: _______________________________________

*[со бројки]*

___________________________________________________________________________ денари.

*[со букви]*

Вкупниот износ на ДДВ изнесува __________________ денари.

3.2. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.
3.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.
3.4. Со ова ја поднесуваме нашата Финансиска понуда, изготвена врз основа на тендерската документација.

Место и датум

____________________

Одговорно/Овластено лице

_______________________________
(потпис и печат)

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

LANDSCAPE FIRE MANAGEMENT IN THE WESTERN BALKANS

Прилог 3 – Изјава за докажување на способноста

# И З Ј А В А

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека за ________________________________________________________________________

[се наведува назив на економскиот оператор]

не постојат причини за исклучување од постапката, како и дека во целост ги исполнува бараните услови за утврдување на способноста наведени во тендерската документација реализација на предметот на набавката по Јавен повик бр. 03/08/675 за доделување на договор за јавна набавка за услуги со предмет „ Подготовка на завршен настан во рамки на на програмата за управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан" објавена од страна на Програма за управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан.

Истовремено изјавувам дека ги имам на располагање сите потребни документи за докажување на исполнувањето на бараните услови, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

Место и датум

_____________________

Одговорно/Овластено лице

_____________________________

(потпис и печат)

## Прилог 4 – ОБРАЗЕЦ НА ИЗЈАВА ЗА АНГАЖИРАН ЕКСПЕРТСКИ ТИМ

**Изјава за лица одговорни за извршување на задачите предмет на договорот,**

**по Јавен повик 03/08/675**

Изјавувам дека од ____________________________________________________________

**(назив на понудувачот)**

за реализација на предметот на набавката по Јавен повик бр. ___________, односно за извршување на задачите, предмет на договорот за **„Подготовка на завршен настан во рамки на Програмата за управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан“** ќе биде ангажиран следниот тим:

**1) ________________________________________, вработен во нашата организација/институција**

**(име и презиме на назначеното лице)**

**ќе биде одговорен за реализација на предметот на набавката, со задача главен координатор на Проектот (Клучен експерт бр.1),**

**2) ________________________________________, вработен во нашата организација/институција**

**(име и презиме на назначеното лице)**

**ќе биде одговорен за реализација на предметот на набавката, со задача асистент (Асистент Клучен експерт бр.2).**

Горенаведените лица, одговорни за извршување на задачите предмет на договорот, ќе бидат ангажирани и достапни за цело времетраење при реализација на договорот.

**Дополнително, за спроведување на активностите од проектната задача ќе бидат ангажирани следните лица (да се наведат сите лица, нивната експертиза и конкретната задача за која ќе бидат ангажирани):**

1. .....
2. ....

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

**LANDSCAPE FIRE MANAGEMENT**
IN THE WESTERN BALKANS

Предложените лица за извршување на задачите предмет на договорот се исклучиво ангажирани само за оваа цел и нема да бидат ангажирани од друг економски оператор за извршување на задачите предмет на конкретната набавка, односно нема да учествуваат во друга понуда за извршување на задачите предмет на договорот за јавна набавка, во спротивно прифаќаме Нашата понуда да биде отфрлена како неприфатлива.

Место и датум　　　　　　Одговорно/Овластено лице

_______________________________　　　　　　_______________________________

(потпис и печат)